## ЗА ГАЗИ БАБА

# ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

**ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ**



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомenete на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Почитувани сограѓани,

Пред вас е Програмата за Локалните избори во октомври 2021 година која треба да донесе развој и унапредување на квалитетот на животот во Општина Гази Баба. Оваа програма настана како одговор на вашите потреби, предлози и иницијативи кои ги давав-те изминатиов период. Како иден градоначалник на Општина Гази Баба, се обврзувам посветено да ја реализирам во соработка со вас.

Во четирите години мандат на досегашниот градоначалник видовме како една општина со огромен потенцијал стана место каде што се штитат само интересите на поединци, алокалната самоуправа се изолираше од граѓаните и нивните барања. Тоа мора да го менуваме затоа што ние, избраните од вас, треба да работиме за вас и за генерациите кои допрва треба да живеат во Општина Гази Баба.

Си поставивме цели и приоритети чие реализирање ќе ја потврдат вашата дадена доверба.

Во глобални рамки, заштитата на животната средина е приоритет меѓу приоритетите. Оттука, јас и мојот тим имаме конкретна визија како да создадеме подобри услови за заштита на животната средина.

Верувам дека со инвестирање во спортски објекти и опрема ќе ги мотивираме младите да се рекреираат и да го прифатат спортот

како вредност кој ќе им носи само полза.

Градинките и училиштата мора да ги исполнуваат најсовремените стандарди за образование и воспитание на нашите деца, затоа планираме изградба на нови и реконструкција на постоечките објекти.

Општина Гази Баба се гуши во сообраќаен метеж и се соочува со недостиг на паркинг-места поради политиката на бетонизација на досегашната локална власт. Нудиме издржани мерки за нивно решавање во првата година од мандатот!

Убеден сум дека нашата општина може да има богат културен живот, граѓаните да добиваат здравствени услуги во модерни амбуланти, недостигот на чиста вода за пиење да биде минато. Гази Баба како општина во главниот град на државата, Гази Баба како европска локална самоуправа!

Во сите вас гледам партнери за реализацијата на проекти кои ќе нè направат горди жители на општината, да не дозволиме да продолжат политиканствата на тие за кои веќе се уверивме дека не прават ништо.

Ви подавам рака за промени, за нашата заедничка иднина во развиена Гази Баба!

Со почит,

м-р Бобан Стефковски

# 2. ПРИОРИТЕНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

## ПРИОРИТЕНИ ПРОЕКТИ ЗА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

### ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ЧЕТИРИ НОВИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

**Опис:** Во насока на задоволување на потребите на родителите за згрижување на нивните дечиња во детски градинки ќе го зголемиме капацитетот на детските градинки со изградба на четири нови градинки. Тие, во согласност со веќе утврдените потреби, ќе бидат лоцирани во четири различни населени места, и тоа Керамидница, Синглиќ Трубарево и Инџиково.

**Буџет:** 120000000 денари

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и на РМ.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

### ПРОЕКТ: РАЗВОЈ НА ДИСТРИБУТИВНА ГАСИФИКАЦИОНА МРЕЖА ВО ОПШТИНАТА

**Опис:** Изградбата на дистрибутивна гасификациона мрежа во Општина Гази Баба ќе биде императив за подобрување на животната средина во Општината и Градот Скопје. Со гасоводна мрежа ќе се поврзат приватните компании, институциите од јавниот сектор, како и делови од приватното домување кои не се поврзани на системот на топловодно греење.

**Буџет:** 500000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и на РМ.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

### ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ ЦЕНТРИ

**Опис:** Во насока на создавање репрезентативни културни центри со соодветна културна понуда во рамките на локалните заедници во Општината, ќе пристапиме кон реконструкција на културните

центри во Ченто, Маџари 1, Колонија и Булачани. Очекуваме и веруваме дека тие ќе придонесат за подинамична и поквалитетна културна активност на сите креативни луѓе во локалната заедница. Во нивните рамки ќе создадеме деловен просторза развој на малото стопанство кое ќе ја обезбеди финансиската одржливост на културните центри.

**Буџет:** 120000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба, Град Скопје и на РМ.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА НОВИ СПОРТСКИ САЛИ ЗА ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

**Опис:** Физичката активност и спортската рекреација се основни наши постулати во развојот на младите луѓе во Општина Гази Баба. Во таа насока, ќе пристапиме кон изградба на четири нови спортски училишни сали во: ООУ „Григор Прличев" во Железара, ООУ „25 Мај" во Ченто и ООУ „Наум Охридски" во Црешево и Булачани. Тие ќе бидат и добра основа за развој на спортски бази на спортските клубови од Општина Гази Баба.

**Буџет:** 90000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА ТОПЛИФИКАЦИОНАТА МРЕЖА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Опис:** Целосно ќе пристапиме кон проширување на топлификационата мрежа во Општината Гази Баба, а, пред сè, во Хиподром, Триангла и Автокоманда. Во соработка со надлежните институции ќе работиме на проширување на топлификационата мрежа кон Ченто, Сингилиќ и Стајковци, како и во сегментот на Керамидница, во насока на намалување на загадување во Општината и обезбедување на енергетскоефикасни системи на топловодно загревање. Овој проект Општина Гази Баба ќе го реализира во соработка со ЕСМ Енергетика, подружница на ЈП ЕСМ.

**Буџет:** 300 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на ЈП ЕСМ и подружница ЕСМ Енергетика.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЈКП „ГАЗИ БАБА 2007“ ЗА НАБАВКА НА НОВА ОПРЕМА И МЕХАНИЗАЦИЈА

**Опис:** Со цел поефикасно и поефективно одржување на комуналната хигиена и комуналната инфраструктура во Општината ќе пристапиме кон финансиска поддршка на Јавното комунално претпријатие „Гази Баба 2007“ за негова модернизација преку набавка на нова опрема и механизација. ЈКП ќе биде одговорно за управување и одржување на системите за водоснабдување и отпадни води, собирање на комуналниот отпад, одржување на уличното осветлување и чистењето депонии.

**Буџет:** 120 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНАТА МРЕЖА СО МАЛИ ПРЕЧИСТИТЕЛНИ СТАНИЦИ ЗА ОТПАДНИ ВОДИ (ПСОВ)

**Опис:** Подобрување на квалитетот на живот во сите рурални населени места во Општина Гази Баба преку изградба на системи за отпадни води со мали ПСОВ. Целта е задржување на населението, пред сѐ, младите луѓе на своите вековни огништа. Оваа инфраструктура ќе овозможи и динамизирање на руралниот развој и земјоделието и создавање претпоставки за развој на малото стопанство и руралниот туризам.

**Буџет:** 750 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба 30%, на РМ 30% и на ЕУ-фондови 40%.

**Рок:** 2021 - 2025 година

## ПРОЕКТ: ПОСТАВУВАЊЕ МИНИМУМ 30 ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ВО СИТЕ УРБАНИ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

**Опис:** Заштитата на животната средина и ставање на ред во сегментот на комунален отпад и комунална хигиена е една од најзначајните цели во развојот на локалните заедници во Општина Гази Баба. Со таа цел ќе изградиме минимум 30 подземни контејнери во сите урбани населени места во општина.

**Буџет:** 20000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и на Град Скопје.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗРАБОТКА НА КАТАСТАР НА ЗЕЛЕНИЛО

**Опис:** Во соработка со Град Скопје, Шумарскиот факултет и невладини организации ќе изработиме Катастар на зеленило кој во себе ќе ги содржи сите зелени површини, дрвја и грмушки на територија одОпштина Гази Баба. Ќе биде наведен вид на растение, старост, како и одгледувачки мерки за негова заштита. Зелениот катастар ќе биде основа за унапредување на системот на зеленило во Општината како и алатка на инспекциските служби во случај на неовластено сечење, кастрење или негово уништување.

**Буџет:** 1000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: ЗЕЛЕНА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Опис:** Со овој проект се предвидува зголемување на зелените парковски површини за 10% од вкупната парковска површина во Општина Гази Баба и засадување нови 500000 дрвја и зелени растенија, бидејќи зеленилото е најдобрата оаза во урбаната изградена средина. Зелените површини се бели дробови во секој град и ќе дадеме сè од себе за нивно зголемување.

**Буџет:** 10000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и на Град Скопје.

**Рок:** 2022- 2025 година.

## ПРОЕКТ: ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНИ ОБЈЕКТИ

**Опис:** Ќе понудиме повеќе мерки за енеретска ефикасност на јавните објекти во сопственост на Општина Гази Баба и ќе овозможиме субвенционирање за енергетска ефикасност на приватните станбени згради и индивидуални куќи. Кај јавните објекти, општинските основни училишта и детските градинки,ќе финансираме мерки за топлотна изолација на покривите, фасадите, подовите, прозцорите, вратите и осветлувањето, чија крајна цел ќе биде енергетско ефикасни јавни објекти.

**Буџет:** 90 000000денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и ЕУ-фондовите.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: СООБРАЌАЈНА И ТРАНСПОРТНА ПОВРЗАНОСТ

**Опис:** Изградба на две клучки на булеваротот „Александар Македонски“ кај Хиподром 2 и Обиколница на автопатот А1 кај Јурумлери кон Илинден со излезно-влезно ленти и проширување со една лента на булеваротот „Александар Македонски“, од Агросервис до АСУЦ. Овој проект ќе се реализира во соработка со Град Скопје.

**Буџет:** 300000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Град Скопје и на РМ.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПЛАНИНАРСКИ ДОМ НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

**Опис:** Ќе овозможиме пристапност на планината Скопска Црна Гора за сите љубители на природата и планинската рекреација. Во таа насока, ќе пристапиме кон изградба на планинарски дом кој ќе биде стожерот за развојот на сите здрави и еколошки активности на планината. Пред сè, во делот на развојот на планинарски патеки, обележување и означување на патеките, како и соодветни служби за нивно одржување. Исто така, тоа ќе потикне и органзирање најразлични настани поврзани со натпреварување со mounting bike, trailпланински трки и други настани.

**Буџет:** 5000000денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба и ЕУ-фондови.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: СИСТЕМ 24 ЧАСА

**Опис:** Ќе развиеме мобилна апликација за пријавување проблеми во сите сегменти од работењето на Општината: улично осветлување, санација на улици, проблеми со вода, отпад и други инфраструктурни проблеми. Администрација ќе биде должна да излезе на терен во рок од 24 часа по пријавување на проблемот со цел негова санација.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА КАТНА ГАРАЖА ВО АВТОКОМАНДА И ЧЕНТО

**Опис:** Катната гаража треба да помогне во решавање на проблемот на сообраќајниот хаос кој се создава во Автокоманда и Ченто. Во тоа опкружување се наоѓаатртрговски центри, поликлиниката, пазар и многу дуќани на малото стопанство, како и културни центри кои е во непосредна близина. Во рамките на катната гаража ќе има и комерцијален и деловен просторза потребите на малото стопанство и деловната заедница кои функционираат во тој микрореон.

**Буџет:** 250000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба и приватен инвеститор.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ПОГОЛЕМА СООБРАЌАЈНА БЕЗБЕДНОСТ И НОВИ ПАРКИНГ-МЕСТА

**Опис:** Во изминатиот период од 4 години во голема мерка се наруши сообраќајната безбедност како резултат на непочитување на сообраќајните правила, како во однос на брзината на возење така и во однос на неправилното паркирање. На тој начин во голема мера се загрози безбедноста на жителите воОпштина Гази Баба со многу големи последици по животите на луѓето. Со цел поголема сообраќајна безбедност ќе преземеме мерки за хоризонтална и вертикална сигнализација. Со цел намалување на неправилното паркирање по локалните сообраќајници ќе иницираме изградба на паркинзи во оние населени места каде што таквата појава е присутна: Автокоманда, Маџари, Хиподром, Триангла, Ченто и Железара.

**Буџет:** 30000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ВОДОВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО РАШТАК, БРЊАРЦИ И СТРАЧИНЦИ

**Опис:** Овој проект опфаќаобезбедување чиста вода за пиење во Брњарци и Страчинци,подобрување на снабдувањето и доизградба на водоводната мрежа со регулирање на високата и ниската зона на водоводниот систем во Раштак и Булачани.

**Буџет:** 200 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети Општина Гази Баба, на Град

Скопје и ЕУ-фондови.

**Рок:** 2022-2023 година.

## ПРОЕКТ: ОПШТИНАТА ПОБЛИСКУ ДО ВАС- ГРАЃАНСКИ СЕРВИС

**Опис:** Отворање надворешно одделение на две локации во Општината кое ќе ги опслужува сите населени места во тој регион со цел граѓаните да можат да ги реализираат своите потреби без да треба да ја посетат Општината.Во практиката тоа значи овозможување на граѓаните своите барања да ги доставуваат или да ги подигнуваат своите решенија од која било сфера на делување на Општината.

**Буџет:** 4 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2024 година.

## ПРОЕКТ: ОТВОРАЊЕ ПЕНЗИОНЕРСКИ КЛУБОВИ

**Опис:** Во насока на подобрување на социјалниот живот на пензионерите предвидуваме отворање клубови во кои пензионерите ќе го поминуваат своето време, дружејќи се меѓу себе.

**Буџет:** 4 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: РАМНОМЕРЕН ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

**Опис:** Со овој проект предвидуваме креирање детални урбанистички планови во насока на рамномерен, просторен, инфраструктурен, социјален и економски развој на урбаните населби и руралните средини.

**Буџет:** 15000000 ден.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИ КОМПЛЕКСИ

**Опис:** Со овој проект се предвидува изградба на спортско-рекреативни комплекси во Автокоманда, Хиподром, „Кирил Петрушевски“ и Црешево, со кој ќе се создаде можност граѓаните од овие населени места да можат да се рекреираат и да спортуваат.

**Буџет:** 60 000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и на Град Скопје

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ЗДРАВСТВЕНИ АМБУЛАНТИ ВО АВТОКОМАНДА И ТРИАНГЛА

**Опис:** Примарната здравствена заштита претставува првата алка за грижата на здравјето кај жителите во Општина Гази Баба. Како одговорна институција која се грижи за здравјето на сите жители во Општината ќе иницираме целосна реконструкција на амбулантата во Автокоманда и изградба на здравствена амбуланта во Триангла.

**Буџет:** 60000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на РМ.

**Рок:** 2023 година.

## ПРОЕКТ: ПАРКОВИ ЗА ДОМАШНИ МИЛЕНИЧИЊА

**Опис:** Во неколку населени места во Општината ќе изградиме паркови за миленичиња. Во Гази Баба голем е бројот на лица кои чуваат домашни миленичиња,па во таа насока ќе работиме на овозможување подобри услови за нив и нивните сопственици.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2021-2025 година.



# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА СИТЕ

## 3.1. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА ГРАЃАНИТЕ

### ПРОЕКТ: ИНФРАСТРУКТУРЕН РАЗВОЈ НА ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА СЕВЕРНА ОБИКОЛНИЦА

**Опис:** Индустриската зона со намена за изградба на објекти за лесна незагадувачка индустрија, дистрибутивни центри, магацини и стоваришта, преставува вистинска можност за домашните и странските компании тука да ги лоцираат своите индустриски и логистички капацитети. Индустриската зона е гринфилд зона, се простира на површина од 284 ha и ќе преставува двигател на економскиот развој во Општина Гази Баба и градот Скопје.

**Буџет:** 150000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба, на Град Скопје и на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### ПРОЕКТ: РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО ИНДУСТРИСКИТЕ ЗОНИ

**Опис:** Инфраструктурата во индустриските зони „Железара“, „МЗТ“ и Источната индустриска зонапо приватизацијата на сегментите од големите индустриски комплекси е оставена на забот на времето. Во соработка со компаниите во зоните и надлежните институции во Република Македонијаќе преземеме активности да ја ревитилизираме инфраструктурата во зоните.

**Буџет:** 100 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба 20%, на компаниите во зоните 40%, на буџетот на РМ 40%.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: РАЗВОЈ НА ИНОВАТИВЕН ЦЕНТАР И ФОНД ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СТАРТ-АП ФИРМИ ОД СФЕРАТА НА ПРИРОДНИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ НАУКИ

**Опис:** Иновативноста и иновативната култура на компаниите претставува темел за поконкурентни, извозни и пазарно одржливи компании. Знаејќи дека тоа е претпоставка за долгорочен раст и развој, планираме да основаме иновативен центар за старт-ап фирми од сферата на природните и техничките науки. На тој начин сакаме да помогнеме на сите иновативни млади луѓе кои сакаат да започнат бизнис, но немаат свој деловен простор каде би се лоцирале. На тоа ќе го надоградиме и фондот за финансиска поддршка на иновативни идеи на старт-ап фирми кои сакаат своите деловни активности да ги лоцираат во Општина Гази Баба.

**Буџет:** 30 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба на РМ и ЕУ-фондови.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: РАЗВОЈ НА ДУАЛНИ ТРЕНИНГ-ЦЕНТРИ ЗА ТЕХНИЧКИ ЗАНИМАЊА

**Опис:** Дуалните тренинг-центри треба да помогнат во креирањето вештини и професионални квалификации на повеќе технички занимања во услови кога сè повеќе од индустриските капацитети во Општина Гази Баба имаат проблем во наоѓањето професионалци со потребните вештини и технички квалификации.

**Буџет:** 8 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба 20% и ЕУ-фондови 80%.

**Рок:** 2023 - 2024 година.

## ПРОЕКТ: ВОСТОСТАВУВАЊЕ ЛОКАЛНА БЕРЗА НА ЧОВЕЧКИ КАПИТАЛ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА.

**Опис:** Во соработка со компаниите во Општина Гази Баба, со примена на активни мерки за вработување од Агенцијата за вработување на РМ, ќе воспоставиме дигитална платформа за понудата и побарувачката на човечки капитал според бараните занимања и професионални квалификации. Таа ќе овозможи динамизирање на состојбите на пазарот на труд и полесно ефектуирање и поврзување на понудата и побарувачката на пазарот на труд.

**Буџет:** 500 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2023 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИТЕ ЦЕНТРИ ВО ЖЕЛЕЗАРА, ХИПОДРОМ И СМИЛКОВЦИ

**Опис:** Спортско-рекреативните центри се осмислени така што на сите спортисти и рекреативци ќе им овозможат единствен концепт во практикувањето спорт, рекреација и физичка активност. Содржината на спортско-рекреативните центри ќе биде комбинација на спортски отворени и затворени терени. Очекуваме овие можности да го привлече интересот на повеќе домашни и странски компании со искуство во развојот на спортско-рекреативни центри.

**Буџет:** 2400000000 денари.

**Извори на финансирање:** 100% приватен капитал.

**Рок за реализација:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ТРГОВСКО-КОМЕРЦИЈАЛЕН КОМПЛЕКС ВО ТРИАНГЛА

**Опис:** За потребите на малото стопанство кое функционира во појасот - Маџари, Триангла и Хиподром ќе овозможиме изградба на деловно-комерцијален комплекс. На тој начин ќе ставиме урбан ред во т.н. сервисна зона која се протега покрај улицата „Благоја Стефковски“. За таа цел ќе поканиме домашни инвеститори да искажат интерес за изградба на таков комплекс.

**Буџет:** 180000000 денари.

**Извори на финансирање:** приватен инвеститор.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ И МИКРОБИЗНИСИ, ЗАНАЕТЧИИ И СЕМЕЈНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

**Опис:** Во текот на пандемијата со COVID - 19 малото стопанство доживеа најголеми економски последици, кои придонесоа голем дел од нив да ги затворат своите бизниси. Во насока на ублажување на тие последици, а со цел поддршка на нивното финансиско закрепнување, ќе обезбедиме фонд за финансиска поддршка на нивните деловни иницијативи.

**Буџет:** 12000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СТУДЕНТИТЕ ИНОВАТОРИ

**Опис:** Во соработка со факултетите во Општина Гази Баба ќе го продолжиме проектот за финансиска поддршка на студентите иноватори, а со менторска поддршка на нивните професори. Низ овој процес на поддршка сакаме да ги охрабриме младите студенти, претприемачи и иноватори,да пристапат кон спроведување на своите бизнис и иновативни идеи и отворање на старт-ап фирми по нивното дипломирање.

**Буџет:** 6 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЦИСКИОТ ИНВЕСТИЦИСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Опис:** Секоја година ќе организираме по еден бизнис-форум за промоција на инвестициските потенцијали на Општината. На форумот ќе бидат поканети домашни и странски инвеститори од различни сектори кои покажале интерес за развој на потенцијалните локации. Од сите форуми ќе овозможиме video streamingсо цел тие промоции да ги доближеме до сите заинтересирани во земјата и странство. Форумите ќе ги организираме во соработка со Бизнис-клубот на Општина Гази Баба.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ОТКУПЕН ЦЕНТАР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

**Опис:** Со цел зголемување на конкурентноста на земјоделското производство од Скопскиот Регион и, пред сè, од Општина Гази Баба, ќе започнеме со проектирање нов откупен центар за земјоделски производи со фокус на раноградинарските производи. За неговата изградба ќе поканиме домашни и странски компании да изразат интерес за учество во тој процес.

**Буџет:** 180 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** приватни инвеститори.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: МЕСТО ЗА СИТЕ

**Опис:** Подготовка за продажба на 30 парцели од државно неизградено градежно земјиште годишно за развој на индивидуално домување и 5 парцели за станбено колективно домување. Ќе понудиме нов и модерен концепт во домувањето, што ќе претставува trademark на Општината.

**Буџет:** 9000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ПАРТНЕРСТВО СО БИЗНИС-КЛУБОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ДЕЛОВНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ МОЖНОСТИ НА ОШТИНАТА

**Опис:** Во соработка со Бизнис-клубот на Општина Гази Баба секоја година ќе учествуваме на најмалку четири саемски манифестации на кои ќе ги промовираме инвестициските можности на Општината. Секоја година во соработка со Бизнис-клубот на Општината ќе подготвуваме бела книга со сетпредлог-мерки за подобрување на деловното опкружување и деловната клима во нашата економија, а која ќе ја доставуваме до Владата на Република Македонија.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.



# 4. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА -SMART CITY

## ПРОЕКТ: WI-FI СИСТЕМ И HOTSPOT ПРИСТАПНИ МЕСТА

**Опис:** На сите поголеми паркови и плоштади на територијата одОпштина Гази Баба ќе овозможиме пристап до бесплатна wi-fiмрежа и hotspotпристапни места за користење на интернет.

**Буџет:** 1 200 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: DMS (DOCUMENT MANAGEMENT SYSTEM) ПРЕКУ ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА СИТЕ СИСТЕМИ И ПРОЦЕСИВО РАБОТЕЊЕТО СО ДОКУМЕНТИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Опис:** Ќе го дигитализираме и интегрираме системот за управување со документи во Општина Гази Баба во сите сегменти на нејзино работење: архивското работење, управувањето со инфраструктурните проекти и услуги, просторното планирање, финансиското работење, увид во движењето на вашиот документ, управните постапки и др.

**Буџет:** 2000000денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2023 година.

## ПРОЕКТ: ГИС-ПОРТАЛ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Опис:** ГИС-порталот на Општина Гази Бабаќе го ставиме во функција со негова надградба и воспоставување нови сервиси, како за потребите на општинската администрација така и за потребите на жителите на Општина Гази Баба.

**Буџет:** 6000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: Е-УСЛУГИ НА ДИГИТАЛНА ПЛАТФОРМА И МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА

**Опис:** Ќе развиеме дигитална веббазиранаплатформа и мобилна апликација преку која ќе бидат достапни сите услуги и документи во Општина Гази Баба за сите сегменти од нејзиното делување, а преку која ќе имаме електронска интеракција со сите чинители во Општината, пред сè, граѓаните.

**Буџет:** 1500000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## ПРОЕКТ: СМАРТ И ИНТЕГРИРАНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**Опис:** Воспоставување интегрирано улично осветлување со можности за собирање на податоци преку паметни уреди поставени на светилките, пред сè, за мерење на загадувањето во сите делови од територијата на Општината.

**Буџет:** 12 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА МЛАДИ ПРОГРАМЕРИ

**Опис:** Финансиска поддршка на младите луѓе кои професионално се занимаваат со развој на софтверски платформи и мобилни апликации, и имаат намера да отворат свои старт-ап компании.

**Буџет:** 4 800 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ПЛАТФОРМА Е-СОВЕТ

**Опис:** За потребите на Советот на Општина Гази Баба ќе воспоставиме дигитална и електронска платформа за сите сегменти од работењето на Советот, како што се: материјали за на совет, одлуки на совет, аписници од Советот, иницијативи до Советот, комуникација на граѓаните со совет, вести поврзани со Советот. Исто така, ќе постои и можност за video streaming(видеопренос) од седниците на Советот со архива од сите седници.

**Буџет:** 600000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: E-CLOUD(ОБЛАК) ДАТА-БАЗА

**Опис:** Модернизација во работењето на општинската администрација преку воспоставување е- cloud-систем на дата-база. Ваквиот систем значително ќе ги намали трошоците за управување и одржување на серверските единици, како и поголема безбедност на дата-базите на Општината. Исто така, ќе овозможи на општинската администрација и пристап на податоците од која било територијална локација. Тоа ќе овозможи поголема флексибилност во работењето, посебно во услови на кризни ситуации, како што е пандемијата со COVID - 19.

**Буџет:** 1500000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: ВОВЕДУВАЊЕ СИСТЕМ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ - WORKFLOW ENGINE

**Опис:** За потребите на општинската администрација ќе воспоставиме систем за управување со активностите, времето, проектите со примена на workflow engine. Тоа ќе овозможи интегриран и хоризонтален пристап на работење и управување со сите процеси и активности во Општината.

**Буџет:** 1500000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2023 година.

## ПРОЕКТ: ИКТ-ОБУКИ

**Опис:** За сите заинтересирани жители на Општина Гази Баба ќе организираме обуки со различни ИКТ-пакети: канцелариско работење, веб базирани сервиси, графички дизајн, e-mail-комуникација, бази на податоци, и други програми Исто така, ќе подготвиме и ИТ-обуки за сите електронски услуги и сервиси кои Општина Гази Баба ќе ги понуди.

**Буџет:** 1800000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.



# 5. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

## РЕГИОНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Капиталните проекти од регионалната инфраструктура ќе овозможат подобрување на сообраќајната комуникација со другите општини, како и намалување на сообраќајниот метеж во нашата општина. Како такви, нивната реализација е неминовна без соработката со повисоките институции и Градот Скопје, но сепак Општината ќе се заложи за нивна реализација.

### ПРОЕКТ: БУЛЕВАР „ХРВАТСКА“

**Опис:** Изградба на новопроектираниот булевар „Хрватска“ со неговата придружна водоводна, канализациска и фекална инфраструктура. Со оваа капитална инвестиција ќе се реши проблемот со сообраќајниот метеж и проблемот со водоснабдувањето во Железара и Автокоманда. Овој проект ќе се реализира во соработка со Град Скопје.

**Извори на финансирање:** буџет на Град Скопје.

**Рок:** 2024-2025 година.

## УРБАНА ИНФРАСТРУКТУРА

За подобрување на условите за живот во населените места на нашата општина реализирањето на овие локални проекти ќе дадат голем придонес. Условите за добра сообраќајна комуникација и движење, како и обезбедување на основните животни потреби за чиста вода за пиење, фекална и атмосферка канализација се проиоритет на секоја развиена општина.Затоа ќе целиме да се реализираат повеќе проекти.

### ПРОЕКТ: НОВА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОСТОЈНАТА ВОДОВОДНА МРЕЖА

**Опис:** Изградба на нова на дел од водоводната мрежа во населените места Економија и „Јане Сандански“, како и реконструкција и ревитализација на водоводната мрежа во налебите Автокоманда, „Кирил Петрушевски“, како и населените места: Маџари 1, Маџари

2, „Крсте Мисирков“, „Ченто“ и „Сингелиќ“. Дополнително, приоритет ќе биде нормален притисок на вода да има во сите населени места.

**Буџет:** 20000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и на Град Скопје

**Рок:** 2023-2025 година.

## ПРОЕКТ: ИНФРАСТРУКТУРА ВО ХИПОДРОМ 2

**Опис:** Изградбата на патната, водоводната, атмосферската инфраструктура и поставувањетоулично осветлување во Хиподром 2 ќе ги подобри на условите за живот и развој на ова населено место.

**Буџет:** 20000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и на Град Скопје

**Рок:** 2022-2023 година.

## ПРОЕКТ: АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

**Опис:** Изградба на нова и подобрување на атмосферската канализација во Керамидница, по ул. „Јордан Поп Јорданов“, во Маџари 1, Маџари 2, ул. „Јане Сандански“, Ченто и Железара, како и редовно чистење и одржување на атмофреските системи.

**Буџет:** 20 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и Град Скопје

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ДЕЛНИЦИ И СООБРАЌАЈНИЦИ

**Опис:** Со овој проект се предвидува изградаба нова делница на ул.„Методија Андонов-Ченто“, која ќе ја поврзува улицата со булеварот „Киро Глигоров“ во Маџари-Триангла.

Се предвидува и реализација на кружниот тек кај Противпожарбата бригада во Автокоманда. Овие големи зафати ќе се изведат во соработка со Град Скопје, а со нивната изградба ќе се намали сообраќајниот метеж, фрекфенцијата на возила и ќе се обезбеди подобар проток во сообраќајот.

**Извори на финансирање:** буџет на Град Скопје.

**Рок:** 2023-2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ПРОШИРУВАЊЕ И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦИ

**Опис:** Главна задача на овој проект е изградба и одржување на здрава патна инфраструктура во сите населени места. Се предвидува ревитализација и реконструкција на ул.„ПероНаков“ и проширување на улица Благоја Стефковски. Ревитализација, реконструкција, проширување иасфалтирање на локалните улици во Керамидница, Автокоманда, Инџиково, Хиподром 2, Трубарево, Ергеле, „Гоце Делчев“, Јурумлери, Колонија, Идризово, Стајковци, Црешево, Viниче, Булачани, Раштак, Брњарци, „Јане Сандански“, „Крсте Мисирков“, Економија, „Кирил Петрушевски“ и Сингелиќ се приоритети во овој проект.

**Буџет:** 25 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и на Град Скопје

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО ГРОБИШТАТА „КАМНИК“

**Опис:** Овој проект предвидува сообраќајно решение за влез и излез во гробиштата, обезбедување аркинг-простор и во соработка со ЈП „Бутел“ изградба на капела за гробиштата „Камник“.

**Буџет:** 5000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и на Град Скопје

**Рок:** 2023 година.

## ПРОЕКТ: ПАТНИ И ПЕШАЧКИ МОСТОВИ

**Опис:** Овој проект предвидува изградба на пешачки мостови кај Алколоид во Автокоманда и слаткарницата „Шарлота“ преку булеварот„Александар Македонски“ во Маџари. Предвидена е и реконструкција и санација на мостовите во с. Црешево и с. Булачани.

**Буџет:** 8000000 денари

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и Град Скопје

**Рок:** 2023-2024 година.

## ПРОЕКТ: ТРОТОАРИ, ПЕШАЧКИ И ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ

**Опис:** За да се зголеми безбедноста на пешаците и велосипедистите во сообраќајот во населените места каде што нема тротоари, пешачки и велосипетски патеки, нивната изведба ќе биде главна задача. Така, изградбата на тротоари во населените места: Смилковци, Црешево, Виниче, Булачани, Раштак и по регионалните патишта Р1102 и Р1104 се главни приоритети, како и пешачките и велосипедските патеки покрај кејот на Вардар во Маџари 2 и Колонија-Идризово.

**Буџет:** 25000000денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2023-2024 година.

## ПРОЕКТ: ПАРКОВИ, МИНИ ПЛОШТАДИ И ДЕТСКИ КАТЧИЊА ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

**Опис:** Локациите за релаксација, одмор и дружење го прават животот исполнет и забавен, затоа оваа општина треба да ја направиме посакувана за живеење, поради тоа предвидуваме изградба на паркови, миниплоштади и детски катчиња во сите населени места. Нивното уредување е предвидено да биде со парковско зеленило, урбана орема, фонтани и детски игралишта. Изградба на миниплоштади во „Гоце Делчев“, Смилковци, Црешево, Булачани, Раштак и Сингелиќ, како и изградба и реконструкција на детските игралишта во сите населени места се исто така цел на овој проект.

**Буџет:** 25000000денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2023-2024 година.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕТО НА ПРОСТОРОТ КАЈ МЕСНАТА КАНЦЕЛАРИЈА ВО С. СИНГЕЛИЌ

**Опис:** Уредувањето на просторот кај Месната канцеларија во с. Сингелиќ ќе биде со реконструкција на регулиран канал, поставување урбана опрема и нов паркинг-простор. Изградба на миниплоштад, како и изградба детско игралиште.

**Буџет:** 30 000000денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба 30%, на РМ 40% и други фондови.

**Рок:** 2023-2024 година.

## ПРОЕКТ: УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**Опис:** Главна задача на овој проект претставуваосветлувањето на неосвелените улици и паркинг-простори, како и поставување бандери за осветлување на останатите пешачки патеки и шеталишта. Исто така, одржувањето и редовната замена на дотраените со нови светилки и замената на натриумовите со соларни и лед-светилки во сите населени места се наша главна обврска.

**Буџет:** 6 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет Општина Гази Баба.

**Рок:** 2021-2025 година.

## ПРОЕКТ: МЕСНИ КАНЦЕЛАРИИ

**Опис:** Со овој проект е предвидена изградба на месна канцеларија во населеното место„Кирил Петрушевски", како и реконструкција и санација на постојните месни канцеларии во Маџари, „Методија Аандонов-Ченто", с. Сингелиќ и Колонија, со што граѓаните ќе добијат функционални месни заедници.

**Буџет:** 5. 000 000 денари

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: УРЕДУВАЊЕ НА РЕЧНИТЕ КОРИТА И ОДРЖУВАЊЕ НА ОДВОДНИТЕ КАНАЛИ

**Опис:** Редовно чистење и одржување на каналската мрежа за одводнување во Идризово, Дрма, и с. Сингелиќ.Уредување на речното корито во с. Брњарци, како и уредување и поплочување на каналот во Инџиково се приоритети.

**Буџет:** 6 000 000 денари

**Извори на финансирање:** буџет Општина Гази Баба во соработка со ЈП Водостопанство

**Рок:** 2023-2025 година.

## ПРОЕКТ: УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДОМУВАЊЕ ЦРЕШЕВО-ВИНИЧЕ

**Опис:** Донесување на урбанистички план за домување во Црешево-Виниче за млади брачни парови со ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште.

**Извори на финансирање:** буџет Општина Гази Баба.

**Рок:** 2023 - 2024 година.



# 6. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Предвидените проекти имаат за цел унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес, односно модернизација, подобрување и приспособување на образовната инфраструктура на училиштата во согласност со стандардите на Европската Унија, примена на иновативни приоди во наставата и учењето, обезбедување современи и соодветни услови за престој, учење и изведување воннаставни активности.

### ПРИОРИТЕТИ ЗА СИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА ОД ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА:

- поставување централна климатизација во училиштата;
- поставување сончеви колектори на покривите од училиштата;
- поставување спортски реквизити за вежбање и рекреација на учениците во училишните дворови (извор на финансирање: буџет на Општина Гази Баба);
- поставување соодветна сообраќајна сигнализација во близина на училиштата заради сообраќајна безбедност на учениците.

## 6.1. АКТИВНОСТИ ПО УЧИЛИШТА

- **ООУ „Григор Прличев“ населено место Железара**

### ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА НОВА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА

**Опис:** Со изградбата на нова училишна спортска сала во ООУ „Григор Прличев“ во населбата Железара ќе се подобрат условите во согласност со современите стандарди за реализација на наставните часови по физичко и здравствено образование.

**Буџет:** 250000000 денари.

**Извори на финансирање:**

**Рок:** 2023 - 2025 година.

- **ООУ „Стив Наумов“ - населено место Автокоманда**

## ПРОЕКТ: ПОКРИВАЊЕ НА УЧИЛИШНОТО ИГРАЛИШТЕ СО МЕТАЛНА КОНСТРУКЦИЈА И БАЛОН, КАКО И ИЗГРАДБА НА ТРИБИНАНА ИГРАЛИШТЕТО

**Опис:** Со покривање на надворешното игралиштеќе се обезбеди дополнителен простор за исполнување на современите стандарди за реализација на наставните часови по физичко и здравствено образование.

**Буџет:** 3 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба и јавно приватно партнерство.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ПОСТАВУВАЊЕ ЕНЕРГЕТСКОЕФИКАСНА ФАСАДА НА УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА

**Опис:** Со наведениот проект ООУ „Стив Наумов“ ќе добие современ изглед, како и подобрување на условите и обезбедување поголема енергетска ефикасност.

**Буџет:** 3 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 година.

- **ООУ„Крсте Мисирков“ - населено место Ченто**

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА НОВА УЧИЛИШНА ЗГРАДА НА ООУ „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО ЧЕНТО

**Опис:** Со изградба нановата училишна зграда значително ќе се подобрат условите за настава и образование на децата и наставниците во тоа училиште, односно со примена на најсовремени наставни и дигитални училишни помагала.

**Буџет:** 70 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на РМ.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

- **ООУ „25 Мај“ - населено место Сингелиќ - Економија**

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА НОВА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА И ЦЕЛОСНО УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ДВОР

**Опис:** Со изградбата на нова училишна спортска сала во ООУ „25 Мај“ во населбата Сингелиќ ќе се подобрат условите во согласност со современите стандарди за реализација на наставните часови по физичко и здравствено образование и целосно ќе се уреди училишниот двор.

**Буџет:** 26 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 - 2025 година.

- **ООУ „Наум Наумовски Борче“ - населено место Триангла**

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА КОШАРКАРСКОТО ИГРАЛИШТЕ

**Опис:** Со реконструкцијата на кошаркарското игралиште ќе се создадат подобри услови за спорт и рекреација на младите.

**Буџет:** 1000000 денари

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок за реализација:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ПОСТАВУВАЊЕ ЕНЕРГЕТСКОЕФИКАСНА ФАСАДА НА УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА

**Опис:** Со наведениот проект ООУ „Наум Наумовски-Борче“ ќе добие современ изглед, како и подобрување на условите и обезбедување поголема енергетска ефикасност.

**Буџет:** 5 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 година.

- **ПООУ „Наум Охридски“ - населено место Црешево**

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА НОВА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА

**Опис:** Со изградбата на нова училишна спортска сала во ООУ „Наум Охридски“ во населеното место Црешево ќе се подобрат условите во согласност со современите стандарди за реализација на наставните часови по физичко и здравствено образование.

**Буџет:** 20 000 000денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ПООУ „НАУМ ОХРИДСКИ“ - ЦРЕШЕВО

**Опис:** Со наведениот проект ќе се обезбедат просторни услови за реализација на воспитно-образовниот процес, имајќи го предвид константното зголемување на бројот на ученици.

**Буџет:** 6000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и МОН.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

- **ООУ „Наум Охридски“ - населено место Булачани**

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА НОВА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА

**Опис:** Со изградбата на нова училишна спортска сала во ООУ „Наум Охридски“ во населеното место Булачани ќе се подобрат условите во согласност со современите стандарди за реализација на наставните часови по физичко и здравствено образование.

**Буџет:** 20 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 - 2025 година.

- **ПООУ „Наум Охридски“ - населено место Раштак**

## ПРОЕКТ: ПОСТАВУВАЊЕ НА ЗАШТИТНА ОГРАДА

**Опис:** Со реализација на проектот ќе се подобри безбедноста на учениците, како и осовременување на екстерниот естески изглед на училиштето.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022-2025 година.

- **ООУ „Крум Тошев“ - населено место Трубарево**

### ПРОЕКТ: ПРОШИРУВАЊЕ НА ПРОСТОРНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА УЧИЛИШТЕТО

**Опис:** Со наведениот проект ќе се обезбедат просторни услови за реализација на воспитно-образовниот процес, имајќи го предвид константното зголемување на бројот на ученици.

**Буџет:** 6000000денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Бабаи на МОН.

**Рок:** 2022-2025 година.

- **ООУ „Вера Јоциќ“ - населено место Хиподром**

### ПРОЕКТ: ИГРАДБА НА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ НА МЕСТОТО ОД СТАРАТА УЧИЛИШНА ЗГРАДА

**Опис:** Со реализација на наведниот проект ќе се подобрат условите за спорт и рекреација на учениците и младите.

**Буџет:** 3000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2023 година.

- **ПООУ „Кирил и Методиј“ - населено место Страчинци**

### ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТОТ НА УЧИЛИШТЕТО

**Опис:** Со наведениот проект ќе се обезбедат просторни услови за реализација на воспитно-образовниот процес, имајќи го предвид константното зголемување на бројот на ученици.

**Буџет:** 6 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба и на МОН.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## 6.2. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ

Инклузивното образование како еден од аспектите на социјалната инклузија има значење на најважен облик на општествена еднаквост и прифаќање. Проектите и активностите наменети за поддршка на учениците од ранливи категории и учениците со по-

себни образовни потреби, со особен акцент на оние деца и групи подложни на социјална исклученост и маргинализација, а со тоа и обесправени и високо ранливи, имаат за цел да ги надминуваат бариерите и да обезбедат еднакви можности за партиципација во наставните и воннаставните активности.

## ПРОЕКТ: ЕДНОКРАТНА ФИНАНСИСКА ПОМОШ ВО ВРЕДНОСТ ОД 3000 ДЕНАРИ ЗА СЕКОЕ ДЕТЕ ЗАПИШАНО ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ НА ТЕРИТОРИЈА ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Опис:** Со наведениот проект се превидува Општина Гази Баба да доделува еднократна парична помош во вредност од 3000денари за секое дете запишано во прво одделение.

**Буџет:** 2 500 000 денари

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ЗАТВОРЕН БАЗЕН ВО РАМКИТЕ НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

**Опис:** Општината Гази Баба ќе добие современ затворен базен, кој, покрај учениците, во текот на викендите и по завршување на часовите на учениците, ќе можат да го користат и граѓаните од Општината.

**Буџет:** 30 000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2024 - 2025 година.

## ПРОЕКТ:ПОСТАВУВАЊЕ ПРИСТАПНИ РАМПИ, ЛИФТОВИ И АДАПТАЦИЈА НА ТОАЛЕТИ ЗА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ

**Опис:** Со овој проект предвидуваме обврска на Општина Гази Баба во секое општинско основно училиште на Општина Гази Баба да постави пристапни рампи, лифтови, како и адаптација на тоалети за лица со телесна попреченост.

**Буџет:** 4 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ И СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЕКСКУРЗИИ

**Опис:** Со овој проект, предвидуваме покривање на трошоците за учениците кои доаѓаат од социјално загрозени семејства, трошоците за екскурзиите бидат на товар на буџетот на Општина Гази Баба.

**Буџет:** 2 000 000 денари

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### ПРОЕКТ: БЕСПЛАТНИ УЧИЛИШНИ УНИФОРМИ ЗА СИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

**Опис:** Со овој проект се предвидува бесплатна изработка на унифицирани униформи за сите ученици од општинските основни училишта на територија одОпштина Гази Баба.

**Буџет:** 20 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2024 година.

## 6.3. ИНВЕСТИЦИИ ВО НАСТАВНИОТ КАДАР

Современото образование ја наметнува потребата од континуиран професионален развој на образовниот кадар како еден од клучните фактори што влијае врз постигнувањата на учениците. Со цел подобрување на квалитетот на образованието,во согласност со концептот на доживотно учење, се предвидува мотивирање на образовниот кадар за стекнување нови и усовршување на постојните компетенции:

- воспоставување систем за наградување на воспитно-образовниот кадар;
- поддршка на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници;
- промовирање и интензивирање на хоризонталното учење преку различни видови организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства меѓу воспитно-образовниот кадар од училиштата на територијата одОпштина Гази Баба (работилници, трибини).



# 7. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

## ПРОЕКТ: РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЦЕНТАРОТ ЗА МЛАДИ И НВО ВО ЖЕЛЕЗАРА

**Опис:** Младите и НВО ќе бидат во фокусот на нашите активности. Покрај финансиската поддршка на нивните активности, сакаме да обезбедеме и просторна поддршка за сите нивни активности. За таа цел ќе направиме реконструкција на Центарот за млади и НВО лоциран во населбата Железара со испитување на можноста за проширување на неговиот просторен капацитет со цел да обезбедиме подобри услови за активностите на младите и НВО во Општина Гази Баба.

**Буџет:** 3 000 000 денари

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## ПРОЕКТ: ФОРМИРАЊЕ ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

**Опис:** Целта на формирањето вакво одделение еобезбедување финансиски средства за НВО и формирање на гарантиранфонд за кофинансирање на проекти од европски и други фондови.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2023 година.



# 8. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ПРОЕКТ: ИДЕНТИФИКАЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦВИЈА НА ДИВИ ДЕПОНИИ

**Опис:** На територија одОпштина Гази Баба има голем број диви депонии создавани години наназад. Планирана е нивна идентификација и подготвување план за нивно затворање и ревитализација. Имајќипредвид дека во Гази Баба се наоѓа и депонијата Варадриште, планирана е иницијатива во соработка со Град Скопје за итно решавање на проблемот со дополнителното диво депонирање и контрола на стакленичките гасови кои придонесуваат за глобалното затоплување. Затварање на депонијата, итно изнаоѓање начин за намалување на стакленички гасови, кои се резултат од распаѓање на долго депониран органски отпад, покривање и нејзино озеленување.

**Буџет:** 10 000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок за реализација:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ВОВЕДУВАЊЕ СИСТЕМ НА МОНИТОРИНГ НА КВАЛИТЕТ НА АМБИЕНТАЛЕН ВОЗДУХ И ПОДГОТОВКА НА АКЦИСКИ ПЛАН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ

**Опис:** Овој проект поразбира целосна и навремена информација за состојбата со квалитетот на воздухот во Општина Гази Баба. Исто така, со планот за намалување на загадувањето е предвидено да се подготват краткорочни и долгорочни мерки за намалување на загадувањето на воздухот.

**Буџет:** 1 000 000денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: ИЗРАБОТКА НА РЕАЛЕН И ФУНКЦИОНАЛЕН КАТАСТАР НА ЗАГАДУВАЧИ.

**Опис:** Катастарот на загадувачи ги опфаќа сите правни лица кои се потенцијални и реални загадувачи на сите сегменти на животната средина (вода, воздух, почва, природа и загадување од бучава). Тој ќе биде јавно објавен и основа за вршење на редовни инспекциски надзори.

**Буџет:** 1000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: СУБВЕНЦИИ ЗА НАБАВКА НА ПЕЧКИ НА ПЕЛЕТИ

**Опис:** Согорувањето на фосилните горива и огревното дрво е една од основните причини за загадување на воздухот со ПМ 10 честички во грејната сезона. Субвенционирањето на населението во насока на замена на фосилните горива ќе придонесе кон намалување на загадувањето на воздухот во зимските месеци.

**Буџет:** 3 000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2021-и континуирано.

## ПРОЕКТ: СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА КОИ ЌЕ ИЗВРШАТ ЗАМЕНА НА ФОСИЛНИ ГОРИВА СО ПРИРОДЕН ГАС ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОИЗВОДСТВО

**Опис:** Самиот факт дека Општина Гази Баба е индустриски најразвиена општина во Република Македонија со себе го повекува и ризикот од загадување од индустријата, пред сè, загадување на воздухот како најприоритетна форма на загадување која мора да се реши. Правните лица кои користат фосилни горива во производствениот процес ќе бидат субвенционирани при промена на енергенсот.

**Буџет:** 2000000денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: СУБВЕНЦИИ ЗА ВГРАДУВАЊЕУРЕДИ НА ТЕЧЕН ГАС КАЈ ВОЗИЛА

**Опис:** Олеснетиот увоз на стари возила во Македонија придонесе за зголемување на бројот на автомобили кои во значителна мера влијаат на загадување на воздухот. Овој проект има цел да го мотивира населението да вгради уред за погон на течен гас, метан или друг вид алтернативно гориво преку субвенционирање на 50% од вредноста на уредот.

**Буџет:** 1000000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 и континуирано.

## ПРОЕКТ: СУБВЕНЦИИ ЗА КУПУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ

**Опис:** Велосипедот е економски исплатливо и еколошко превозно средсво кое влијае во намалување на сообраќајниот метеж, како и намалување на загадувањето на воздухот. Мотивирањето за користење еколошки превозни средства ќе придонесе за подигнување на свества за користење на еколошки транспорт и подобрување на квалитетот на животната средина. Субвенцијата ќе биде до 50% од вредноста на велосипедот, но не повеќе од 4000 денари за еден велосипед по принципот - прв дојден, прв услужен.

**Буџет:** 600 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 и континуирано.

## ПРОЕКТ: СУБВЕНЦИИ ЗА ЧИСТЕЊЕ ОЏАЦИ

**Опис:** Правилното согорување на дрвото како енергенс за загревање, како и правилното согорување на фосилните горива придонесува за помала емисија на загадувачки компоненти кои излегуваат од оџачите. За таа цел, во соработка со ЈКП „Гази Баба 2007“, ќе се вработат стручни лица за чистење на оџаци и кои ќе бидат ставени на располагање за жителите на Општина Гази Баба.

**Буџет:** 300 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2021 и континуирано.

## ПРОЕКТ: СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ПРАВНИ ЛИЦА-РЕЦИКЛАТОРИ

**Опис:** Тоа се правни лица, носители на циркуларната економија. Во Општна Гази Баба има повеќе правни лица кои се занимаваат исклучиво со складирање и третман на отпад, кои, истовремено, влијаат на подобрување на квалитетот на животната средина преку намалување наколичеството отпад кое завршува на депонија, како и враќање во живот на определени материјали кои наместо на депонија завршуваат како суровина за производство нови производи. За таа цел ќе се субвенционира набавката на производствени линии кои отпадот ќе го претворат во суровина за натамошно кристење.

**Буџет:** 900 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: ПОДИГНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЕКОЛОШКА СВЕСТ КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО

**Опис:** Во соработка со невладини организации од областа на животната средина, како и правни лица од територијата на Гази Баба, планирано е организирање настани, трибини, предавања, средби, заеднички акции кои ќе влијаат за афирмација на зачувувањето на животната средина како главен приоритет за подобар начин на живот. Планирано е воспоставување координиран систем на сите чинители со општествена одговорност, кои со заедничка соработка ќе придонесат во подобрување на квалитетот на животната средина

**Буџет:** 200 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок за реализација:** 2022 година.

## ПРОЕКТ: ВОСПОСТАВУВАЊЕСИСТЕМ ЗА СЕЛЕКТИВНО СОБИРАЊЕОТПАД НА ТЕРИТОРИЈА ОД ЦЕЛАТА ОПШТИНА

**Опис:** Во моментов селектирањето и селективното собирање е достапно само во урбаните средини на места каде што има подземни контејнери. Нашата цел е во соработка со Град Скопје и ЈП Комунална хигиена да се воспостави систем за целосно покривање на сите населени места со селективно собирање различни видови отпад. Истовремено, ќе се врши и едукација на населението за редукција, селекција и рециклирањена отпадот.

**Буџет:** буџет на Општина Гази Баба

**Извори на финансирање:** Град Скопје.

**Рок за реализација:** 2023 година.

## ПРОЕКТ: ДА ЈА ЗАШТИТИМЕ ПРИРОДАТА

**Опис:** Иницирање повисок степен на заштита на природните богатства во Општина Гази Баба. Тука спаѓаат Парк-шумата„Гази Баба", Заштитеното подрачје во Трубарево што ги опфаќа трите целини Острово, Арборетум и Езерце (ревалоризација на природните вредности и нивна заштита). Вметнување на природните богатства во туристичката карта на Град Скопје. Афирмација на заштитените подрачја на територија од Гази Баба (Парк-шума „Гази Баба", Ботаничката градина на Природно-матемарички факултет, Дендропаркот на Шумарски факултет).

**Буџет:** 1 500 000 денари

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок за реализација:** 2023 година.



# 9. VII. ТУРИЗАМ

## ПРОЕКТ: ТУРИСТИЧКО-ИНФОРМАТИВНО БИРО

**Опис:** Во соработка со Град Скопје, формирање туристичко информативно-биро за промоција и поддршка на туризмот и угостителството во Општината. Изработка и пласирање на промотивен материјал за Општината, брошури и видеоматеријали. Изработка на сувенири кои се карактеристични за Општината. Изработка на туристички патоводител и информатор низ Општината. Тоа ќе придонесе за поголема промоција и успех во работата на компаниите од областа на туризмот и угостителството во Општината.

**Буџет:** 600 000 денари

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА 5 КУЌИ

**Опис:** Финансиска програма за помош на сопствениците на стари етнокуќи од руралните населени места на падините од Скопска Црна Гора, кои ќе изразат интерес за реконструкција и адаптација на нивните куќи со нивното пренаменување за угостителска дејност и сместувачки капацитети од помал обем. Со тоа ќевлијаеме во зачувување на традицијата, како и во помагање на малите бизниси.

**Буџет:** 5 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2023 година.

## ПРОЕКТ: ПРОМОВИРАЊЕ И ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКО-РЕКРЕАТИВНИОТ ПОТЕНЦИЈАЛ НА ПЛАНИНАТА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

**Опис:** Промовирање и валоризација нанашата неоткриена природна убавица, планината Скопска Црна Гора, со тоа што ќе проектираме и ќе изградиме неколку планински патеки со нивно трасирање, означување и поставување урбана опрема. Ќе промовираме повеќе видови планински спортови, рекреација и планински активности интересни за викенд-посети. Доопремување на ЈКП „Гази Баба 2007“ за преземање на сите активности поврзани со управувањето, одржување, мониторирање и контролата на сите

планинарски патеки на Скопска Црна Гора.

**Буџет:** 6 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба, на Град Скопје и ЕУ-фондови.

**Рок:** 2022 - 2023 година.

## ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДВА ОБЈЕКТИ СО КАРАКТЕРНА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

**Опис:** Финансиска поддршка на најмалку два објекти кои имаат карактер на културно наследство и ја отсликуваат традиционалната архитектура и култура во населените места на падините на Скопска Црна Гора.

**Буџет:** 4 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и ЕУ-фондови.

**Рок:** 2024 година.

## ПРОЕКТ: ТРАДИЦИОНАЛНО ЗБОГАТУВАЊЕ И ПРОШИРУВАЊЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ВКУСОВИТЕ НА ГАЗИ БАБА“

**Опис:** Манифестација „Вкусовите на Гази Баба“ ќе прерасне во туристички бренд иво туристичката и гастрономска понуда на Општина Гази Баба. Нејзината понуда и содржина постојана ќе ја збогатуваме и проширувваме, која ќе претставува можност за забава и запознавање со гастрономската понуда и култура во Општина Гази Баба.

**Буџет:** 4 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** Буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## 100. ПРОЕКТ: ТРАСИРАЊЕ НА ПЛАНИНАРСКИТЕ ПАТЕКИ НА СКОПСКА ЦРНА ГОРА

**Опис:** Планината Скопска Црна Гора нуди прекрасни можности за уживање во нејзините природни убавини, планинарење и рекреација. За таа цел ќе проектираме и уредиме неколку планински патеки со нивно трасирање, означување, поставување на урбана опрема и, секако, нивно одржување и мониторирање. Паралелно ќе го помогнеме и ЈКП „Гази Баба 2007“ за преземање на сите активности поврзани со управувањето, одржувањето и контролата на сите планинарски патеки на Скопска Црна Гора.

**Буџет:** 6000000денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и ЕУ-фондови.

**Рок:** 2022 - 2023 година.



# 10. СПОРТ И КУЛТУРА

## 10.1. ПОДОБРУВАЊЕ НА СПОРТСКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА И ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА СПОРТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

### ПРОЕКТ: ПОСТАВУВАЊЕ НА ФИТНЕС-ЗОНИ ВО СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

**Опис:** Со поставување на овие фитнес-зони ќе се овозможи физичка активност, спортување и оддржување на физичката способност и кондиција на граѓаните.

**Буџет:** 6000000 денари

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 - 2025 година.

### ПРОЕКТ: ОБНОВУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ УРБАНАТА ОПРЕМА ВО ПАРК-ШУМАТА„ГАЗИ БАБА“

**Опис:** Со реализација на овој проект ќе ги зголемиме спортските содржини во Парк-шумата „Гази Баба“, а со тоа ќе ги потикнеме граѓаните почесто да рекреираат и спортуваат.

**Буџет:** 3 000 000 денари.

**Извори на реализација:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2023 - 2024 година.

### ПРОЕКТ: ДОИЗГРАДБА НА СПОРТСКАТА САЛА КАЈ СТУДЕНТСКИОТ ДОМ „СТИВ НАУМОВ“

**Опис:** Со овој проект предвидуваме доизградба на веќе започната спортска сала во рамките на Студенскиот дом „Стив Наумов“, која ќе биде во служба на граѓаните и спортските клубови од Општина Гази Баба.

**Буџет:** 10 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и на РМ

**Рок:** 2022 - 2025 година

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ИГРАЛИШТЕ СО ВЕШТАЧКА ТРЕВА ВО „ЈАНЕ САНДАНСКИ“, ХИПОДРОМ И СТАЈКОВЦИ

**Опис:** Со изградбата на спортското игралиште ќе се поттикнат и мотивираат младите жители од населените места за спортување и рекреирање.

**Буџет:** 3000000денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2024 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНИ ИГРАЛИШТА ВО: АВТОКОМАНДА, КЕРАМИДНИЦА, ИНЏИКОВО, ЧЕНТО, „ЈАНЕ САНДАНСКИ“, ЕКОНОМИЈА,ТРУБАРЕВО, ЕРГЕЛЕ,ИДРИЗОВО, ДРМА, СТРАЧИНЦИ, ВИНИЧЕ, ХИПОДРОМ 1 И ХИПОДРОМ 2

**Опис:** Со изградба на мултифункционалните игралиште ќе се поттикнат младите жителиза спортување и рекреирање во повеќе спортови.

**Буџет:** 20 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2023 - 2025година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА СКЕЈТ-ПАРК ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Опис:** Со овој проект на младите талентирани спортисти ќе им се овозможи бесплатно да ги усовршат своите способности и вештини.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извори на финансирање:**

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ

**Опис:** Со овој проект ќе се овозможи на граѓаните да не користат превозни средства кои゙ загадуваат воздухот, а со тоа се поттикнува на здрав начин на живот и физичка активност. Велосипедските патеки ќе бидат:

- поврзување на Хиподром 2 и Маџари со централното градско подрачје;

- поврзување на Нова Колонија, Јурумлери и Трубарево со централното градско подрачје по кејот на реката Вардар.

**Буџет:** 3 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## 10.2. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

### ПРОЕКТ: ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ

**Опис:** Зголемување на средствата за поддршка на сите спортски клубови и спортски здруженија од Општината со цел реализација на турнири и спортски настани во рамките на Општината.

**Буџет:** 10 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2021 - 2025 година.

### ПРОЕКТ: РАЗВОЈ НА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ЛИГИ

**Опис:** Развојот на училишните спортски лиги ќе продолжи преку доопремување на училиштата со мали атлетски патеки и боралишта во спортските сали сите основни училишта.

**Буџет:** 5 000 000 денари

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## 10.3. РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

### ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА И ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ИГРАЛИШТА ЗА БАСКЕТ ВО РАШТАК, СМИЛКОВЦИ, КОЛОНИЈА И ЧЕНТО

**Опис:** Со изградбата на спортските игралишта ќе се поттикнат и ќе се мотивираат младите жители од населените места за спортување и рекреирање.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ДЕТСКИ КАТЧИЊА ВО СТАЈКОВЦИ, ХИПОДРОМ, АВТОКОМАНДА, ТРИАНГЛА, ТРУБАРЕВО, „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" И ОСТАНАТИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

**Опис:** Со реализација на овој проект ќе се обезбедат услови за правилно искористување на спободното време на најмладите.

**Буџет:** 3 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 - 2024 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА МОНТАЖНА ТРИБИНА НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ СО ВЕШТАЧКА ТРЕВА ВО ЈУРУМЛЕРИ

**Опис:** Со овој проект предвидуваме изградба на трибински простор на фудбалското игралиште, со што ќе се подобрат неговите условите.

**Буџет:** 300 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 година.



# 11. НЕГУВАЊЕ НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

На Општина Гази Баба ѝе потребно унапредување на културниот живот и негово доближување до граѓаните. Нашата цел е промовирање на културните вредности, особено до младите, со тоа што ќе обезбедиме услови за нивно поттикнување. Создавање соодветен простор за реализирање на културни активности, промоција на фолклорот и културно-историското наследство:

- отворање на општински читалници;
- збогатување на библиотечниот фонд во библиотеките;
- финансиска поддршка на творештвото за млади уметници;
- грижа за македонскиот фолклор.

## ПРОЕКТ: МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ „ГАЗИ БАБА“

**Опис:** Ќе ја продолжиме традицијата на оддржување на овој значаен меѓународен фестивал кој го промовира македонскиот фолклор и на кој учевствуваат голем број на културни-уметнички друштва од Европа и светот.

**Буџет:** 600 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ПАТОТ ДО КУЛТУРНО-ИСТОРИСКОТО НАСЛЕДСТВО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Опис:** Целта на проектот е поттикнување на културниот туризам во Општина Гази Баба преку подобрување на пристапот до културните историските знаменитости и нивно олеснето лоцирање од страна на туристите.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: МЛАДИ УМЕТНИЦИ

**Опис:** Целта на проектот е од буџетот на Општина Гази Баба, во временски период од 2022 до 2025 година, Општина Гази Баба да финансира проекти на 30 млади уметници.

**Буџет:** 3 000 000 денари.

**Извори на финанасирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: КУЛТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА „УМЕТНОСТА СОЗДАВА ВРЕДНОСТИ“

**Опис:** Општина Гази Баба ќе ги потикнува уметниците, културните работници, здруженијата и образовните институции преку доделување годишни награди за остварувања на полето на културата.

**Буџет:** 500 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ЗАЕДНИЧКИ КРЕИРАМЕ КУЛТУРА

**Опис:** Овој предвидува објавување на јавен повик кон крајот на секоја година за доставување предлози за календарот на настани од културата за идната година. На тој начин ќе се овозможи учеството во креирањето на културни политики на локално ниво.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2021 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ЛЕТНИ/ОТВОРЕНИ СЦЕНИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НАСТАНИ

**Опис:** На различни локации во Општината ќе бидат изграденина летни/отворени сцени за одржување настани од културен и промотивен карактер. На младите ќе им се обезбеди јавен простор за организирање настанина отворено.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок за реализација:** 2021 - 2023 година.

## ПРОЕКТ: КУЛТУРНО ЛЕТО „ГАЗИ БАБА“

**Опис:** Овој проект предвидува во време на летниот период во годината Општина Гази Баба да организира настани и манифестации во секое населено место на територија одОпштината.

**Буџет:** 4 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: КУЛТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА „ПИВТИЈАДА“

**Опис:** Овој проект предвидува продолжување на традицијата за организација на Културната манифестација „Пивтијада“, која се организира во чест на христијанскиот празник Св. Јован на плоштадот во Автокоманда.

**Буџет:** 400 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ПРОМОЦИЈА НА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ ТУМБА - МАЏАРИ

**Опис:** Овој проект предвидува организација на настани, манифестации, локални екскурзии со цел промоција на локалитетот и значењето на Големата Мајка.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ПОДДРШКА НА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА

**Опис:** Овој проект предвидува финансиска поддршка за култyно-уметничките друштва регистрирани на територија одОпштина Гази Баба со цел реализација на концерти и проекти во Република Македонија и низ светот.

**Буџет:** 1 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: РЕВИЈА НА НАРОДНИ НОСИИ И ИНСТРУМЕНТИ

**Опис:** Овој проект предвидува организирање на манифестација во населените места од Црешево до Раштак на која ќе се презентира ревија на народни носии и инструменти од територија на цела Република Македонија.

**Буџет:** 300 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: НАГРАДЕН КОНКУРС И ПЕЧАТЕЊЕ НА ЛИТЕРАТУРНО ДЕЛО НА АВТОР ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Опис:** Овој проект предвидува организирање награден конкурс преку кој ќе се даде поддршка на автори од Општина Гази Баба со издавање на нивните литературни дела.

**Буџет:** 100000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.



# 12. СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Сиромаштијата и социјалната исклученост земаат сè поголем замав кај социјално загрозените семејства на подрачјето одОпштина Гази Баба. Сиромашните стануваат посиромашни, а богатите уште побогати. Здравјето на луѓето е во надолна линија. Локалната самоуправа е должна да се залага за обезбедување квалитет на живот за СИТЕ ЛУЃЕ. Приматот на градоначалникот ќе биде да го воведе родовиот концепт за еднаквост меѓу мажите и жените во сите сфери на локално ниво. Локалната самоуправа се обврзува да обезбеди повеќе мерки во оваа област.

## ПРОЕКТ: ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА ПРВО НОВОРОДЕНЧЕ

**Опис:** Наталитетот опаѓа во нашата општина. Локалната самоуправа ќе обезбеди финансиски стимул за семејствата со прворотено дете за да се подобри демографската слика и негативниот природен прираст.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: 5 ИНКЛУЗИВНИ ИГРАЛИШТА

**Опис:** Со цел подобрување на социјалниот живот на децата со инвалидитет и можноста за нивен правилен раст и развој ќе продолжиме со реализација на овој проект во повеќе општини во Република Македонија. Проектот подразбира оформување на простор со реквизити кои би биле достапни и за децата со инвалидитет каде што овие деца безбедно ќе играат, ќе се социјализираат и ќе преставува поттикнувачка средина за правилен раст и развој.

**Буџет:** 4 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2023 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ЛОКАЛНА ПОДДРШКА ЗА ОТВОРАЊЕ МАЛ ГРУПЕН ДОМ ЗА ДЕЦА ВО РИЗИК

**Опис:** Локалната заедница на Општината Гази Баба ширум ги отвора вратите за децата и одговорно ќе партиципира во изнаоѓање просторни капацитети за оваа форма на заштита на децата, да живеат во средина најблиска до семејната средина.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ ЗА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

**Опис:** Со овој проект предвидуваме изградба на пристапни патеки за инвалидизирани лица со цел да им се овозможи непречен пристап до институциите на системот и јавните објекти низ Општината.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџети на Општина Гази Баба и на РМ

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: СОЦИЈАЛЕН СЕРВИС ЗА НЕГА НА СТАРИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА ВО ДОМАШНИ УСЛОВИ

**Опис:** Општината се обврзува да изнајде практичен модалитет за отворање социјален сервис за нега на стари лица во нивните домови на подрачјето од Гази Баба, при што ќе им се обезбеди помош и поддршка за достоинствено стареење во рамките на локалната заедница.

**Буџет:** 2 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ГРИЖА ЗА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО

**Опис:** Овој проект подразбира општините да прават мапирање на лицата со инвалидност и нивните потреби, носење на стратешки планови за лицата со хендикеп, носење на годишни акциски планови за унапредување на состојбата на лицата со инвалидност со конкретни мерки и активности и други проекти кои треба да го олеснат животот на лицета со инвалидност на локално ниво

**Буџет:** 2 000 000 денари

**Извори на финансирање:** буџет на Општина Гази Баба.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

## ПРОЕКТ: ИЗГРАДБА НА АМБУЛАНТИ ВО АВТОКОМАНДА И МАЏАРИ, КАКО И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОЛИКЛИНИКАТА ВО ЧЕНТО

**Опис:** Пристапот до здравствените услуги и квалитетот на здравјето на граѓаните е голем приоритет за нас. Ние имаме грижа кон секој граѓанин на нашата општина, и тоа им го должиме. Локалната самоуправа ќе им овозможи еднаков здравствен пристап за сите луѓе.

**Буџет:** 65 000 000 денари.

**Извори на финансирање:** буџет на РМ.

**Рок:** 2022 - 2025 година.

vmro-dpmne.org.mk

sozdadinovaidnina.mk